РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-216/1
30. 01. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Управниот одбор на Агенција за филм на Република Северна Македонија врз основа на член 20 став (1) и член 21 ставови (1) и (2) од Статутот на Агенција за филм бр. 07-98/1 од 06.02.2014 година, а во согласност со член 21 став (1) алинеја 9 и член 6 алинеја 8 точка 2 од Законот за филмската дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16, 11/18 и 275/19), на седница одржана на ден 30.01.2023 година донесе:

# Правилник
# за поддршка на проекти за организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишува начинот на финансирање на проекти за организирање на домашни фестивали и филмски манифестации од меѓународен карактер, условите за учество, приоритети за финансирање на проекти, критериуми за евалуација на проекти, висина на учество на Агенцијата во финансирањето на проектите, начинот на користење на средствата за проектите кои ќе бидат одобрени од страна на Агенцијата.
(2) Средствата за поддршка Агенцијата ги обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија и од други извори утврдени со Законот за филмска дејност.

## Објава на Конкурс и услови за учество на истиот

Член 2

(1) За финансирање на проектите од членот 1, Агенцијата во тековната година објавува Конкурс кој трае 30 дена, од денот на неговата објава.
(2) Конкурсот се објавува најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот како и на веб страната на Агенцијата.
(3) Право на учество на конкурсот имаат правни лица, непрофитни организации, здруженија на граѓани, фондации, установи во надлежност на Општините кои се регистрирани да вршат дејност која соодветствува со потребата на овој конкурс.
(4) Потребната документација за пријава на проектот, ќе биде детално уредена во Конкурсот за финансирање на проекти за организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер.
(5) Правните лица се обврзуваат во буџетот за реализација на проектот да не ги предвидуваат средствата наменети за членарини и учества во други меѓународни организации од филмската дејност на кои ја пратставуваат нашата земја.

## Критериуми и мерила за евалуација на проекти

Член 3

(1) Оцената на проектите за организирање на домашни филмски фестивали и други манифестации од меѓународен карактер кои имаат континуитет во одржувањето се врши преку следниве критериуми и мерила:

- Квалитет на програмата (содржини и активности);
- Програмски концепт (натпреварувачки или ревијален карактер);
- Европска димензија на програмирање, вклучувајќи културна и географска разновидност;
- Квалитетот и постигнатите успеси на реализираниот фестивал/ манифестација во изминатиот период, со статистички податоци за посетеноста на последното издание на фестивалот/манифестацијата, и/или фотографии од отворањето и затворањето на фестивалот со линкови од оддржани прес-конференции или било какви статии што го потврдуваат истото;
- Реноме, традиција и континуитет на одржување;
- Обезбедени средства од други извори;

- Квалитет на стручен тим.

(2) Оцената на проектите за организирање на домашни филмски фестивали и други манифестации кои аплицираат за организација на прво издание се врши преку следниве критериуми и мерила:

- Квалитет на програмата (содржини и активности);
- Програмски концепт (натпреварувачки или ревијален карактер);
- Европска димензија на програмирање, вклучувајќи културна и географска разновидност;
- Обезбедени средства од други извори;
- Квалитет на стручен тим.

(3) Листата за евалуација на проектите од став 1 и 2, е Прилог кон овој Правилник.

(4) Максимален број на бодови кој може да го оствари еден проект изнесува 100 бода. За да може проектот да квалификува потребно е да освои минимум 51 бод.

(5) Проектот кој не го остварил потребниот број на бодови од став (4) на овој член, се исклучува од натамошна оцена.

Постапка на финансирање проекти од национален интерес во филмската дејност

Член 4

(1) Во Евалуацијата на проектите учествува Комисија за административна селекција на проектите пријавени по Конкурс, именувана со решение од страна на директорот на Агенцијата. Бројот на членови на Комисијата се утврдува согласно потребата и обемноста на конкурсот и истите се од редот на вработените лица во Агенцијата. Од редот на именуваните членови се избира претседател кој ја координира и организира работата на Комисијата и истиот е одговорен за точноста и веродостојноста на податоците кои произлегуваат од работата на Комисијата.

(2) Комисијата има за цел да утврди дали пријавите доставени по Конкурс, се навремени, дали се комплетни, дали се доставени од овластено лице, дали се доставени во бараната форма и содржина, и дали истите ги исполнуваат условите утврдени во Конкурсот. Комисијата за својата работа изготвува записник со листа на проекти кои ги исполнуваат односно не ги исполнуваат условите согласно Конкурсот. Записникот и листите се проследуваат на разгледување до Филмски совет.

(3) Филмскиот совет како стручно тело именувано со решение од страна на директор, е должно понатаму да ја изврши евалуацијата на проектите согласно критериумите и мерилата наведени во членот 3 од овој Правилник, со пополнување на евалуационите листи прилог кон овој Правилник за секој фестивал/манифестација посебно. Советот е должен врз основа на извршената евалуација до директорот да достави мислење кои од пријавените проекти треба да бидат прифатени, односно одбиени по Конкурс.

(4) Финансискиот советник како стручно тело именувано со решение од страна на директор, понатаму е должно да изврши анализа на финансискиот план, понудената програма и буџетот на проектите и врз основа на тоа да достави предлог до директор за износот на средства кои од Агенцијата треба да се доделат за финансирање на проектите.

(5) Директорот на Агенцијата врз основа на добиено мислење од Филмскиот Совет, изготвува предлог за прифатени и предлог за одбиени проекти доставени по Конкурс кои ги доставува на разгледување и одлучување до Управниот одбор на Агенцијата.

(5) Одлуките за прифаќање и одбивање на пријавените проекти ги носи Управниот одбор на предлог на директорот во рок од 60 дена од денот на завршување на конкурсот.

Приоритети за финансирање на проекти

Член 5

(1) Предност при одлучување ќе имаат проектите:

- кои ја стават македонската кинематографија во интернационален контекст,

- имаат европски, односно меѓународен карактер,
- го промовираат интеркултурниот дијалог и развој на граѓанското општество,
- се засновани на стручно и професионално знаење,
- имат висок квалитет и профилираност на основната дејност,
- имаат значителна посветеност, се оддржуваат континуирано и со традиција,
- имаат едукативни аспекти/квалитет на публикациите.
- кои за прв пат се јавуваат на Конкурс, со нова, оригинална програма и концепт кој досега не бил реализиран од страна на друг фестивал/манифестација.

(2) Кај пријавените проекти кои имаат освоено ист број бодови, предност ќе добие проектот кој има планирана програма со прецизни и договорени настани и/или за кој се обезбедени средства од други извори во повисок износ.

Висина на учество на Агенцијата во финансирањето на проектите

Член 6

Агенцијата ќе учествува во финансирање на проектите согласно Буџетот одобрен од Владата на Република Северна Македонија и финансискиот план за работа на Агенцијата, а најмногу до 70% од вкупниот буџет за реализација на проектот.

Начинот на користење на средствата за проектите кои ќе бидат одобрени од страна на Агенцијата

Член 7

(1) Правното лице чиј проект ќе биде избран на Конкурс, со Договор се обврзува да ја заврши неговата реализација и да ги исполни сите обврски согласно договорот. Договорот се заверува кај нотар со својство на извршна исправа.

(2) Динамиката на исплата на проектите е следна:

- 80% за припреми и реализација на проектот;
- 20% по завршување на реализација на проектот, и добиен позитивен извештај за трошењето на средствата исплатени од страна на Агенцијата за филм.

(3) Правното лице се обврзува сите средства доделени од страна на Агенцијата да ги користи наменски, законски, рационално и економично од наменската сметка отворена на име на проектот само за оваа цел.

(4) Правното лице кое добило средства од Агенцијата е должно по завршувањето на реализацијата на проектот да достави наративен и финансиски извештај. Извештајот треба да содржи:

- опис на реализираниот проект
- финансиски план со сите износи и извори на финансирање
- финансиски извештај со детален приказ на трошоците покриени со средствата доделени од Агенцијата за филм со прилог докази за напревени и реализирани трошоци (договори, сметки, фактури, изводи од банка и сл.),
- друга пропратна документација поврзана со реализацијата на проектот.

(5) Доколку со извештајот од извршената контрола се утврди дека средствата исплатени на име на проектот се користени ненаменски и/или во спротивност со буџетот на проектот, Агенцијата има право да бара утврдениот износ на средства да се врати назад во буџетот на Агенцијата или следната исплата за проектот да се намали за тој износ. На предлог на директорот, Управниот одбор ги носи одлуките за наменското трошење на средствата исплатени за реализација на проектот.

(6) За се останато што не е предвидено во овој член, Агенцијата ќе го доуреди во Договорот применувајќи ги одредбите од Законот за филмска дејност и важечките законски прописи.

Завршни одредби

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на носење на одлука за негово усвојување од страна на Управниот одбор, а се објавува на огласна табла на Агенцијата и на нејзината официјална веб страна.

**Претседател на Управен одбор**
**на Агенцијата за филм**

Игор Шокаровски

**ПРИЛОГ 1**

## ЛИСТА НА ЕВАЛУАЦИЈА

За организирање на домашни филмски фестивали и други манифестации од меѓународен карактер кои имаат континуитет во одржувањето се врши преку следниве критериуми и мерила:

| | Максимални бодови | Осовени бодови |
|---|---|---|
| Квалитет на програмата (содржини и активности) | 20 | |
| Програмски концепт (натпреварувачки или ревијален карактер) | 20 | |
| Европска димензија на програмирање, вклучувајќи културна и географска разновидност | 10 | |
| Квалитетот и постигнатите успеси на реализираниот фестивал/ манифестација во изминатиот период, со статистички податоци за посетеноста на последното издание на фестивалот/манифестацијата, и/или фотографии од отворањето и затворањето на фестивалот со линкови од оддржани прес-конференции или било какви статии што го потврдуваат истото; | 20 | |
| Реноме, традиција и континуитет на одржување | 10 | |
| Обезбедени средства од други извори | 10 | |
| Квалитет на стручен тим | 10 | |

**ПРИЛОГ 2**

**ЛИСТА НА ЕВАЛУАЦИЈА**

За организирање на домашни филмски фестивали и други манифестации кои аплицираат за организација за прво издание се врши преку следниве критериуми и мерила:

| | Максимални бодови | Освоени бодови |
|---|---|---|
| Квалитет на програмата (содржини и активности) | 26 | |
| Програмски концепт (натпреварувачки или ревијален карактер) | 26 | |
| Европска димензија на програмирање, вклучувајќи културна и географска разновидност | 16 | |
| Обезбедени средства од други извори | 16 | |
| Квалитет на стручен тим | 16 | |